УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Технолошко-металуршки факултет
Бр. 02-1[illegible]
12.07.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, 166, 173, 174 и 175 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/2018 и 178/2021), член 4 и 11 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), член 60 од Статутот на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје (Универзитетски гласник бр. 466/2019) и Реферат објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1263 од 15.06.2022 година, Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје на 5-та седница одржана на 11.07.2022 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### за избор на наставник во наставно-научно звање

1. **Д-р Александар Петровски**, доцент, се избира во наставно-научно звање вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Д-р Александар Петровски, се избира во наставно-научно звање вонреден професор во наставно-научните области:
- металуршко инженерство (21607),
- металургија на обоени и ретки метали (21602) и
- металургија-друго (21610)

3. Д-р Александар Петровски, се избира во наставно-научно звање вонреден професор за време од 5 години, согласно Законот за високото образование.

4. Изборот во звање се смета од донесувањето на одлука за избор во звање вонреден професор од Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Наставно-научниот совет постапувајќи во согласност со законските прописи врз основа на Реферат од рецензнетска комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1263 од 15.06.2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- д-р Александар Петровски
- Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење
- персонално досие
- архива

в.д. Декан

Проф. д-р Билјана Анѓушева

Изработил: м-р Марко Стефановски